# МИСИОНСКИ
# СТИХОВИ

**Евангелски активности на верниците**





ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2021

*Сабота, 3 јули 2021*

## Црквата и културата II

***„А сè тоа го правам заради Евангелието, за да имам дел во него" (1. Коринќаните 9,23).***

Кога адвентизмот се приспособил на различните култури, во светот се развиле различни културолошки изрази на адвентизам. Затоа богослужбата се разликува во многу цркви. Тоа ги збунува многу адвентисти, кои оваа разновидност ја сметаат како отпад од верата. Проблемот со кој се соочуваат е многу сличен со оној со кој се соочиле првите христијани. Тие мора да научат да ја разликуваат културата од она што е битно во нивната вера, бидејќи ако тоа не го прават, ќе се оневозможи растот на Божјата црква.

Новозаветната црква можела да стане меѓународна црква, која од луѓе од сите народи создава ученици, дури тогаш кога дозволила изразување на различните култури во христијанството. Ова различно културолошко изразување на христијанството е апсолутно неопходно за исполнување на Големиот налог. Но, Црквата не смее да ја прифати и да ја следи паднатата култура со цел христијанството да го адаптира кон неа. Бидејќи сите култури ги обележува пад во гревот, вклучувајќи ја и северноамериканската, англосаксонската, понекогаш на Црквата ѝ е тешко да одреди што е прифатливо во одредена култура а што не е. Повеќето христијани склони се да ја одредуваат прифатливоста според дефиницијата на доминантната култура. Библиски гледано, единствено вистинско мерило треба да биде Божјата реч. Културата можеме да ја прифатиме или да ја негираме само врз основа на нејзината согласност со начелата на Светото писмо.

Тоа значи дека таа црква нема да ја менува основната вест на Светото писмо, туку ќе ја прикаже на начин кој ќе биде разбирлив за луѓето кои се обидува да ги придобие. На пример, адвентизмот на крајот на 20. век не се служи со пророчката карта што ја користеле милеритите и првите адвентисти. Оваа

црно-бела карта со многу слики не би имала никаква смисла во денешното општество. Наместо тоа, се служиме со компјутери, проектори, мобилни телефони и слични средства – методи, кои ја пренесуваат веста од таа карта во современото општество. Со употребата на современата техника, нашето пренесување на веста би требало да стане многу појасно во културата на денешното општество.

*Сабота, 10 јули 2021*

## Црквата и културата III

***„Никој не става крпа од ново сукно на стара облека, зашто крпежот ќе кине од облеката и скинатото станува полошо. Ниту ново вино се налева во стари мевови; инаку меновите се кинат, виното истечува и мевовите пропаѓаат. Туку ново вино се налева во нови мевови, па се запазуваат и двете заедно" (Матеј 9,16-17).***

И покрај огромните промени кои го карактеризираат денешното општество, некои цркви не го менуваат начинот на кој ја вршат својата задача. Сакаат да се служат само со стари методи, и поради тоа, користењето на која било друга метода, освен онаа што ја користеле пионерите, ја сметаат за отпад. Денешните цркви имаат проблем со некои облици на изразување кои се земени од подрачјето на методологијата и ги претвориле во испит на вистинска вера. Таквите ставови ќе ја спречат црквата да влезе во општеството. Веста која никогаш не може да се менува – е вечното Евангелие – но начинот на кој се пренесува постојано мора да се усогласува кон различните групи кои се обидуваме да ги придобиеме. Тоа е она што го подразбираме под културолошки адаптирана Црква. Апостолот Павле јасно покажал дека Црквата мора да биде усогласена со културата, ако сака вистински да ги придобие луѓето од сите култури на земјата.

„Навистина, иако сум слободен од сите, се претворив во роб на сите, за да ги придобијам што повеќе. На Јудејците им

бев како Јудеец, за да ги придобијам Јудејците; на оние кои се под Законот им бев како и самиот да сум под Законот, иако јас не сум под Законот, за да ги придобијам оние, кои се под Законот. На оние, кои се без закон, им бев како да сум и јас без закон, иако не сум без Божјиот Закон, туку сум под Христовиот Закон, за да ги придобијам оние, кои се без закон. На слабите им бев слаб, за да ги придобијам слабите; на сите им станав сѐ, та по секаков начин да спасам некои. А сѐ тоа го правам заради Евангелието, за да имам дел во него" (1. Коринќаните 9,19-21).

Павловиот начин на работа се состоел во тоа да го направи Евангелието прифатливо за секоја културолошка група која се обидел да ја придобие. Павле можел да ги менува своите методи на работа, притоа не менувајќи ја веста. Тој не правел компромис во однос на темелите на христијанството за да ги придобие, луѓето, но одлично ги разбирал оние делови кои биле културолошки неутрални, па своите излагања ги усогласувал на тој начин да можат да влијаат на умот на луѓето во културата во која живееле. Според Павле, секој начин на работа кој не го менува основното Евангелие може и треба да се употреби за да се придобијат изгубените луѓе. За денешната црква би било многу полесно кога би имала пророчки очи за да види која е културолошката прифатлива христијанска пракса. Но, Црквата постојано мора да се бори со овој проблем и истовремено да настојува да се адаптира кон изразите на културата во која се обидува да продре. Тоа е оној потешкиот дел. Всушност, стравот од компромитирањето на верата поради усогласување кон културата ја тера некоја црква да стане културолошки неусогласена. Затоа таа мора упорно да се обидува да се усогласи кон културата, но притоа верата да остане недопрена.

*Сабота, 17 јули 2021*

## Елена Вајт и промените 1.

**„Христос нѐ ослободи за слободата. Според тоа, стојте цврсто и не потчинувајте му се пак на ропскиот јарем" (Галатјаните 5,1).**

Елена Вајт ја повикува денешната Црква со истиот повик со

кој апостолот Павле ја повикувал во своето време. Иако била непопустлива кога се работело за менување на Евангелието, Елена Вајт постојано ја повикувала Црквата да бара нови методи во придобивањето на душите за Господа. Да забележиме некои од нејзините сериозни изјави:

„Во денешните градови, во кои има многу од тоа што привлекува и угодува, луѓето не можеме да ги заинтересираме со вообичаените напори... Вложете посебни напори да го привлечете вниманието на мнозинството... Употребете ги сите средства што можете да ги смислите за јасно и одредено да ја изложите вистината“.

Методите и средствата, со кои постигнуваме одредени цели, не се секогаш исти. Морате да го употребите својот ум и толкување... За да ги спасиме различните луѓе, мораме да се послужиме со различни методи. Тие се навистина неопходни. Мораме да прифатиме нови методи...

Како влегуваме од поле во поле, така ќе се појавуваат и нови методи и нови планови кои ги наметнуваат околностите. Со новите работници кои се посветуваат на работата ќе дојдат и нови мисли. Кога ќе побараат помош од Господа, Тој ќе им се јави. Ќе добијат планови, кои Господ сам ги смислил.

Црковната организација... не треба да пропише точен начин на кој треба да се работи... Не смее да има воспоставени правила; нашата работа треба да биде прогресивна; треба да се остави простор за подобри методи. Некои методи во оваа работа ќе се разликуваат од методите кои се употребувале во минатото, но поради тоа, никој не треба со критики да го попречува патот. Не смее да има нељубезни критики, ниту пак, рушење на туѓата работа“.

*Сабота, 24 јули 2021*

**Елена Вајт и промените 2.**

**„Христос нѐ ослободи за слободата. Според тоа, стојте цврсто и не потчинувајте му се пак на ропскиот јарем“ (Галатјаните 5,1).**

Елена Вајт јасно зборува дека црквата треба да се служи со различни методи. Дури и изгледа дека очекува некои верници да се спротивставаат во поглед на новите начини на работа, и ги советува да не стојат на патот на новите методи за придобивање на луѓето. Таа знаела јасно да ја разликува веста од методата, многу подобро отколку што денес црквите се способни да го направат тоа. Цврсто држејќи ја суштината на адвентизмот, таа ја поттикнува Црквата да развива нови средства и начини за придобивање на луѓето. Можно ли е Црквата на почетокот на дваесет и првиот век и понатаму да го одбива нејзиниот совет?

Но, црквите истовремено мораат добро да внимаваат да не прават компромис во поглед на верата. Црквите кои се трудат да се усогласат на културата, на крајот стануваат толку слични на околниот свет, и во опасност е да ја изгубат разликата. Таквите цркви престануваат да растат, бидејќи луѓето не гледаат предност во тоа што некој ќе стане верник. Исто така, и црквите кои ја нагласуваат разликата меѓу Црквата и светот стануваат толку поинакви, што повеќе и немаат што да му кажат на светот. И тие цркви ќе престанат да растат. Советите на Библијата и Елена Вајт повикуваат современиот адвентизам да ја избегне и едната и другата крајност. Адвентизмот мора постојано да се држи до силните библиски уверувања, а едновремено да се приближи до културната група која се обидува да ја придобие.

Црквата, која својата вест сака да ја адаптира на културата, мора добро да се чува да не ја прифати културата, затоа што „тоа функционира“. Причините за приспособување кон културата мора да потекнуваат од мисионската свест на Првата црква и на Големиот налог. За остварување на Големиот налог за „сите народи“ потребно е културолошки усогласена меѓународна Црква. Црквата не смее да ја прифати културата само за да може да се адаптира кон денешното општество. Добар дел од сегашната културна усогласеност нема врска со мисионската задача. Чувствителноста на културата има смисла само во рамките на Христовата задача, како што тоа е изразено во Големиот налог.

Големиот налог и посветеноста на задачата на првата Црква бара Црквата правилно да одговори на културата. Денешната

црква своите теолошки темели мора да ги гради на таков цврсто терен, каков што апостол Павле го прикажал во доктрината напишана во 1. Коринќаните 9. адаптирана на тогашната култура.

*Сабота, 31 јули 2021*

**Ученици кои не зависат од проповедникот**

**„И беа постојани во апостолското учење и општувањето; и во раскршувањето на лебот и во молитвите” (Дела 2,42).**

Првата Црква не само што го развила културолошкиот пристап затоа што сакала да го оствари Големиот налог, туку развила и план за растење изграден околу идејата за создавање ученици, а не обратеници кои зависат од водачот на црквата. Целта на првата Црква била создавање на ученици кои ќе се одомаќинат и ќе станат независни, и кои Евангелието ќе им го пренесуваат на другите.

Таа мисла го следела планот на Павле при основањето на црквите и целокупниот раст во Новиот завет. Планот на Павле бил основање на нова црква во некоја нова културна група. Тој со црквата останувал толку долго сè додека не бил сигурен дека се создадени ученици и извежбани водачи, и дека новите ученици се посветени на создавање нови ученици. Потоа ги оставал и заминувал да основа нови цркви. Новите цркви не зависеле од него или од другите апостоли. Кога го примале Евангелието, црквите добивале полна власт да продолжат да го шират Евангелието на својата територија и пошироко. На овој начин растела првата Црква.

Ако првата Црква се обидела да основа цркви така како што ние денес правиме – со именување пастор да бдее над секоја нова заедница – последица би биле слаби цркви, составени од незрели христијани кои и не биле ученици. Но, првата Црква не работела на тој начин. Исус на нејзините верници им наложил другите да ги направат ученици. Тие ученици не биле некои млаки преобратеници, туку вистински ученици, такви какви што Исус ги опишал. За некој да биде ученик, тој мора да е самостоен и независен од другите христијани, за да остане духовно жив. Новозаветните

христијани својата духовност ја зачувале со тоа што постојано создавале ученици. Само на тој начин верата можела да остане жива. Тоа го забележува и Роналд Ален: „Таму каде што најмногу се помагало, црквите биле слаби и беспомошни“. „Ништо друго не ја слабее црквата, како навиката да зависи од другите за она што сама може да го направи“.

Новозаветната Црква, а посебно Павле, добро ја разбрале загриженоста што ја истакнал Ален, кога рекол дека зависноста создава слаби христијани. Но, повеќето цркви функционираат според моделот на зависност. Многу администратори се двоумат да основаат нови цркви затоа што Црквата нема пари за да издржува пастор за нова група верници. Новозаветната Црква не се грижела за таквите работи, бидејќи новата црква немала обврска да ги осигури пасторите. Новите цркви именувале водачи, кои сами се подучувале, но тие водачи не биле ни малку слични на нашите современи пастори кои ја водат црквата. Тие биле лаици. Месната црква дејствувала независно од платениот пастор. Доколку новозаветната Црква ја одобрувала идејата за платени пастори, нејзиниот раст би бил сведен на нула.

Моделот на раната христијанска црква го прифатиле првите адвентисти: тие проповедници биле првенствено посветени на евангелизација и основање на нови цркви. Првите десет години адвентистичките организации немале пастори кои би ја воделе месната црква. Месните, домашни старешини ја воделе црквата која се грижела за себе и ги евангелизирала своите подрачја. Адвентистичкото свештенство во почетокот било слободно и евангелизирало нови подрачја и основало нови цркви во нови земји. Кога адвентистите го прифатиле моделот на зависност и поставиле пастори над месните цркви, растот на Црквата почнал да опаѓа. Еден од најнеобичните примери за развојот на адвентизмот е дека единствени делови на светот кои не покажуваат значаен раст, се подрачјата кои го прифатиле моделот на зависност. Подрачјата во светот кои сè уште функционираат според моделот на првите адвентисти, каде пасторите имаат дваесет и повеќе цркви и првенствено дејствуваат како евангелисти, денес покажуваат највисок степен на црковен раст.

*Сабота, 7 август 2021*

## Автентични ученици

**„Како не пропуштив да ви кажам сè што е полезно и да ве поучам и јавно и по домовите“ (Дела 20,20).**

Апостолот Павле и оние што го следеле неговиот пример, поминале доста време со црквата создавајќи ученици и подучувајќи го домашното водство. Павле не ги праќал водачите на обука – ги подучувал во нивната околина. Тој се држел до Христовите методи на школување за работа:

„Поучил неколкумина од оние со кои бил во најблиска лична врска; ние поучуваме многумина, кои едноставно ќе поминат низ нашите школи, ќе ги положат испитите и ќе бидат именувани. Христос своите водачи ги школувал меѓу нивниот народ и на тој начин тие создавале еден близок однос, па во него можеле слободно да се движат како нивни припадници; ние своите водачи ги школуваме во стакленик, каде нивната блискост со сопствениот народ толку се нарушува што потоа не можат да живеат како едни од нив или да ја делат нивната мисла“.

Некои црковни водачи се загрижени поради таквиот план. Се плашат од вовлекување на лажна наука ако немаме пасторална контрола над црквите. Меѓутоа, денешната црква, зависна од пасторот, не е имуна на лажната наука. Сè уште има отпадници. Всушност, лажната наука попрво ќе се вовлече во црквите кои не се вклучиле во Христовата мисионска задача. Ален добро одговара на ваквата критика:

„Големите лажни науки во првата Црква не се појавиле поради брзото ширење за кое биле заслужни овие непознати учители, туку се појавиле во црквите кои имале најголем стаж и во кои христијаните не се толку окупирани со преобратувањето на неверниците во својата околина“.

Така, на мисионска, теолошка основа, новозаветната Црква основала цркви независни од пасторот. А основата била Големиот налог. Тој барал создавање на ученици. Учеништвото, како што се подразбирало од Исусовите зборови, опфаќало создавање

ученици кои ќе ги направи другите луѓе ученици и на кои не им се потребни постојана помош и контрола. Со други зборови, задачата да основаат цркви независни од пасторот, потекнала од нивното разбирање на Големиот налог другите да ги направат оригинални ученици.

Во теологијата, Големиот налог спаѓал во практичниот дел на првата Црква да основа цркви меѓу сите етнички групи. Според Големиот налог, не требало другите да ги направат ученици, туку тоа требало да се направи кај сите народи. Налогот можел да се оствари само со решително и планско основање на цркви. Павловото проповедање на Евангелието во римскиот свет и создавањето ученици потекнало од теологијата на Големиот налог.

*Сабота, 14 август 2021*

**Големиот налог и создавање нови цркви**

**„А кога ќе влезете во домот, поздравете го“ (Матеј 10,12).**

Исус заповедал Неговите следбеници да создадат ученици кај сите народи (Ethnos). Зборот etnost има многу пошироко значење од изразот „сите народи“. Вака Браун го дефинира *етносот*:

„Ethnos, изведен од зборот ethos – обичај, навика – означува група која има заеднички обичаи, свештенство, мнозинство, општество, народ. Овој збор се употребувал во потсмешлива смисла за зборот народ“.

Според тоа, Големиот налог бара да создаваме ученици од секоја подгрупа народи на Земјата, особено меѓу обичните луѓе. Една црква во некоја земја или град нема да стигне до сите групи. Затоа, Црквата, која е верна на Големиот налог, ќе основа нови цркви меѓу сите етнички групи додека Исус не дојде. Старите цркви ќе се сушат и ќе умираат. Новите цркви се свежи и живи. Ако, како верска заедница сме решиле сериозно да го исполниме Големиот налог, мораме и сериозно да работиме на основањето на нови цркви. Боб Логан, познат стручњак за основање цркви, вели:

„Пред сè, постои фактот дека Големиот налог никогаш нема да го исполниме ако не ги умножуваме црквите. Всушност, осно-

вањето на нови цркви е цел на секој мисионски план. Целта на секоја црква треба да биде основање на нова црква. Фантастичниот раст во согласност со Големиот налог е можен само тогаш кога во Црквата повторно ќе се даде за основање цркви, и кога меѓу новите групи луѓе постојано ќе се основаат нови цркви. Потребен е потполно нов начин на основање на цркви – втемелен на Големиот налог според кој луѓето ќе станат ученици кои ќе можат да опстанат без пастор, кој треба да ги негува“. Боб Логан зборува за раст кој треба да се очекува од агресивното планирање на основање цркви:

„Земете го, на пример, јаболковото стебло. Нормално е да сметаме дека плодот на јаболковото стебло ќе биде јаболко, но тоа е само дел од целокупната слика. Јаболкото е само амбалажа на семе кое треба да го произведе крајниот плод – повеќе јаболкови стебла. Христовото тело е слично на јаболковото стебло – произведува поединечни ученици и повеќе заедници“.

Многу често, во евангелската работа, првенствено сме заинтересирани за жетвата на поединечните ученици. Наместо тоа, секој потенцијален ученик треба да го сметаме како семе за многу други ученици. Секој нов преобратеник всушност треба да стане јадро на цела нова заедница. Она што ние го предлагаме е напуштање на кратковидната насоченост на нашата евангелска работа и сфаќањето дека треба да се насочиме кон создавање на ученици кои самите ќе се умножуваат. Секој нов ученик во себе носи потенцијал за стотици нови ученици.

*Сабота, 21 август 2021*

## Постојани ученици

**„Да ви даде, според богатството на Својата слава - да зајакнете со сила преку Неговиот Дух во внатрешниот човек“ (Ефесјаните 3,16).**

Првата црква сите свои сили ги насочила кон остварување на својата задача - од другите ученици да основа нови цркви меѓу новите етнички групи. Секој верник на првата Црква создавал дру-

ги ученици. Тоа не било работа ограничена само на свештенството; тоа била активност на лаиците. Првата црква не растела благодарение на талентираното свештенство, туку на посветените верници кои станале оригинални Исусови ученици. Ваквата улога на учење првенствено го одразувала настојувањето да се изврши Христовата задача. Бидејќи црквите и учениците биле создадени од идејата за независност од свештенството, сеопфатната поука која свештенството ја дала на новиот верник или новата црква била условена од мислата дека групата набрзо ќе застане на свои нозе. Се поучувало за независност, додека ние денес гледаме тенденција лаиците да бидат зависни од свештенството.

Според тоа, во теолошкото разбирање на првата црква била присутна мислата дека секој христијанин е вклучен во службата. Ова разбирање потекнало од Големиот налог, кој барал секој ученик да стане средство за создавање на нови ученици. Наместо да создадат црква во која е доминантно свештенството, новозаветните христијани, послушни на Големиот налог, создавале Црква во која доминирале верниците. Платеното свештенството постојано ја ширело Црквата во нови подрачја, но одговорноста за нејзиното ширење во подрачјата во кои црквите веќе биле основани, била на верниците.

Речиси двесте години по основањето на Христијанската црква, црковни згради не постоеле. Наместо тоа, верниците на првата Црква се собирале во мали групи по домовите. Парите и средствата не се трошеле за одржување на зградите и имотите. Наместо тоа, сите средства се трошени за извршување на Христовата задача. Поради потребата да се состануваат во домовите на верниците, црквите биле мали. Водачот на куќната црква бил лаик, а не платена личност која припаѓа на свештенството. Ваквата лаичка структура на првата Црква била една од примарните причини за нејзиното забрзано ширење и вртоглав раст.

*Сабота, 28 август 2021*

## Насочување на првите ученици

**„Затоа јас, Павле, сум затвореник на Христа Исуса за вас народите“ (Ефесјаните 3,1).**

Едно е да се теоризира за задачата на теологијата, а сосема друго е тоа да се претвори во дело. Во Адвентистичката црква ние мораме да имаме конкретни идеи за претворањето на теолошките задачи во дело. Големиот налог бил причина за организирање на христијанските цркви. Тоа било примарен поттик за сите организациски методи со кои се служела првата Црква. Причината за постоењето на Црквата во целина може да се објасни доколку ја имате на ум задачата која Исус ни ја доверил. Црквата била повикана „од народот“ во спасоносниот однос со Христа само поради исполнувањето на оваа задача. Големата задача денес е авторитативна заповед која на Црквата и ја дал нејзиниот воскреснат Господ. Од задачата јасно се гледа дека оваа заповед не е можно да се оствари со човечка сила. Воскреснатиот Господ ќе биде преку Светиот Дух со Црквата, додека таа ги извршува нејзините задачи. Тоа се исполнило за време на Педесетница и никогаш не престанало да важи. Духот на Педесетница сè уште ја поттикнува Црквата за остварување – да оди меѓу сите народи. Оваа заповед барала од Црквата да направи план кој ќе ѝ овозможи сите народи да ги направи ученици. Големиот налог не подразбирал само проповедање на веста за воскреснатиот Господ меѓу сите народи – туку требало сите народи да ги направи свои ученици. Првите ученици не ги наведувале луѓето на одлуки, и тогаш ги ставале под своја контрола, туку ги направиле ученици кои пак другите ќе ги направат ученици. Само така Црквата можела да расте според правилото за множење наместо за собирање.

Ученик бил оној кој бил подготвен да трпи навреда и прогонство заради Исус, кој во својот живот бил потполно верен на Христа како господар, откажувајќи се од сè заради својот Учител. Ученик бил оној кој ја разбирал основната Исусова наука и ја извршувал, личност која ја искажувала Неговата агапе љубов. На крај, ученик бил оној кој ги учел другите да бидат ученици.

*Сабота, 4 септември 2021*

**Создавање на други ученици и крштавање**

**„Зашто ние сите сме крстени преку еден Дух во едно тело - било Јудејци, или Грци, било робови, или слободни. И сите сме напоени во еден Дух“ (1. Коринќаните 12,13).**

Бидејќи во првата црква дефиницијата за ученик била јасна, таа можела да создаде теологија насочена кон задачата и практиката, која ја оспособила за остварување на Големиот план. Првата Црква не прифатила разбирање на евтино време на учење – „почетно доаѓање кај Христа“. Наместо тоа, сметала дека учењето подразбира целосна посветеност на Христа во животот; ги разбирала Неговите основни начела и живеела во согласност со нив, посебно во смисла на создавање други ученици. Откако некој ќе ги стекнел основните поими за учењето, бил крстен во име на Христа и тоа во Црквата. Во библиско време било невозможно некој да се крсти, а да не се стане дел на Христовото тело, Црквата. Зошто? Затоа што никој не се крштавал само поради личното проштавање на гревовите, туку крштавањето означувало влез на новиот христијанин во Христовата служба. Во Новиот завет оваа служба се извршувала во согласност со телото, а не независно од него. Поради тоа, сите обратеници со крштавањето биле ракоположени за служба.

Првата црква крштавањето го поврзувала со вклучување во служба на Црквата. Благодарение на овој јасен теолошки темел, не можело да се замисли она што некои денес го застапуваат, дека некој може да се крсти, а да не се придружи на Црквата. До поврзување со Христовото крштавање, откако некој ќе станел ученик, доаѓало до извршување на Големата задача. Поради тоа, сите христијани не само што ги крштавале своите обратеници, туку ги крштавале во Христовото тело: „Зашто ние сите сме крстени преку еден Дух во едно тело – било Јудејци, или Грци, било робови, или слободни. И сите сме напоени во еден Дух“ (1. Коринќаните 12,13).

Луѓето не треба само да се крштаваат – тие се крштаваат во едно тело. Со која цел? Во продолжение ќе изложиме некои под-

робности на една од најголемите расправи во Светото писмо за духовните дарови. Светото писмо бара крштавање во едно тело, за да можат оние кои се крштаваат да бидат снабдени со духовни дарови, кои ќе им овозможат да се вклучат во Христовата служба. Очигледно е дека крштавањето за првите христијани било незаобиколно поврзано со вклучувањето на верниците и остварувањето на Христовата задача – сите народи да станат ученици.

Да се крстат луѓето, а да не се вклучат во службата во согласност со нивните духовни дарови, значи да не ја прифатат поврзаноста која првата Црква и апостол Павле ја сметале за темел на Црквата насочена кон евангелската работа. Духовните дарови луѓето можат да ги развиваат само ако се поврзани со Христовото тело и со Црквата. Затоа апостол Павле во 1. Коринќаните 12, крштавањето го поврзува со вклучување во „едно тело". Бог не нè довел кај Христа за да бидеме независни еден од друг. Ние сме составени од едно тело со цел да си помогнеме едни на други во развивањето на духовните дарови за да можеме заеднички, како Црква, да ја исполниме Христовата задача.

*Сабота, 11 септември 2021*

**Одреденост на задачата**

**„И така, секој кој Ме признава Мене пред луѓето, ќе го признаам и Јас него пред Мојот Татко, Кој е во небесата. А кој ќе се одрече од Мене пред луѓето, и Јас ќе се одречам од него пред Мојот Татко, Кој е во небесата." (Матеј 10:32-33).**

Од свеста на првата Црква за Големиот налог произлегол мисионскиот налог, кој Христовите следбеници се обиделе да го исполнат. Според овој налог, најголемо внимание би требало да се обрне на извршувањето на задачите во Црквата. Сите активности биле проценувани врз основа на Големиот налог. Умот на првите христијани не бил оптоварен со ништо друго освен со создавање на ученици. Елена Вајт тоа сликовито го опишува со овие зборови:

„Постоел само еден интерес. Еден предмет ги надминувал сите останати. Сите срца чукале како едно. Единствената желба на верниците била да ја покажат сличноста со Христовиот карактер и да работат на ширењето на Неговото царство.“

Во оваа Црква, која била окупирана со брзо исполнување на задачата, се појавил апостол Павле кој основал цркви во сите етнички групи во Римското царство и така ја исполнил задачата на Големиот налог. А Павле, не само што ги основал црквите, туку и се погрижил да бидат самостојни, независни од него и од другите христијански водачи. Причината што Павле го создал овој независен лаички модел на црква произлегол од дефиницијата на ученик која Исус им ја дал на првите ученици пред давањето на Големиот налог. Павле верувал во создавањето на црква која нема да зависи од пасторот – црква која ја сочинуваат живи ученици што создаваат други ученици.

Мораме да се вратиме на библискиот модел на Црквата. Мораме да работиме за повторно да станеме Црква на Големиот налог. Тоа значи дека цел на нашата евангелска работа мора да биде прифаќање на библискиот модел. Нашата цел мора да биде создавање ученици, а не само луѓето да ги доведеме до тоа да поверуваат во Христа. Да дојдат кај Христа е првиот чекор, но целта на нашиот Господ е луѓето да станат ученици.

Освен тоа, повикот за евангелската работа треба да нè поттикне Големиот налог да го ставиме во центарот на сите наши активности од месната црква до Генералната конференција. Тој треба да нè присили да го прифатиме планот за основање цркви како примарна цел на задачата. Ние доволно долго произведувавме јаболка. Време е за умножување на црквите со помош на нови „јаболкови стебла“. Овие нови цркви не смеат да бидат имитации на старите модели, туку мораат да бидат организирани според ново правило – правило на независност од пасторот – бидејќи луѓето кои се здобиени во таа црква стануваат ученици, а не само верници. Адвентистичката црква повторно мора да стане вистинско движење на верниците – лаици.

*Сабота, 18 септември 2021.*

**Враќање на библиските начела**

**„И ова Евангелие за Царството ќе биде проповедано по целиот свет, за сведоштво на сите народи, и тогаш ќе дојде свршетокот" (Матеј 24,14).**

Адвентизмот тврди дека е библиско движење. Ние тврдиме дека Библијата е нашето единствено правило на нашата вера и на нашиот живот. Ако е така, адвентизмот мора да има мисионска теологија и практика, која е во потполна согласност со новозаветниот модел. Ако адвентизмот не е насочен кон остварување на Големиот налог, тогаш неговото тврдење дека е новозаветна Црква, не е веродостојно.

Ние не застапуваме некое грубо правило, кое наложува дека денешната Црква мора да има дванаесет апостоли, бидејќи толку имало во првата црква. Наместо тоа, го застапуваме црковниот поредок и евангелските планови кои ќе бидат во согласност со начелата на Новиот завет. Јасните начела мораат да имаат предност во оставарувањето на Христовата задача и создавањето на ученици со умножување на цркви кои се независни од пасторот. Начинот на кој тоа го оствaруваме може да се разликува од новозаветниот, бидејќи живееме во друга култура, но принципите остануваат непроменети. Дека примената на принципите била остварувана на повеќе начини, наоѓаме и во Новиот завет, кој го застапува културолошкиот пристап без менување на темелните принципи или на веста за воскреснатиот Христос.

Адвентизмот во почетокот бил јасно поттикнуван од желбата да го исполни Големиот налог. Евангелските планови што ги развиле првите адвентисти, а биле мошне слични на оние во новозаветната Црква, целосно исчезнале во денешниот адвентизам. Би требало да се обидеме да го вратиме не само духот на раниот адвентизам, туку и духот на раното христијанство. Ние не сакаме да ги занемариме пионерите на адвентизмот, бидејќи тие нѐ насочиле на вистинскиот пат, но факт е дека Црквите во Новиот завет се одликувале со духот на мисионската работа. Наместо да се задо-

волиме со пристап од втора рака, подобро би било да го имитираме нивниот пример за извршување на евангелскиот план, кој произлегол од свеста и одговорноста за задачата, како што гледаме во новозаветната Црква. Адвентистичката задача не потекнала од Матеј 24,11, туку од Големиот налог во Матеј 28,16-20. Црквата не го занемарила Големиот налог, но повеќе била насочена на Матеј 24,14.

*Сабота, 25 септември 2021*

## Извршување на задачата и второто Христово доаѓање

**„И зборуваше: ‚Времето се исполни, и наближи Божјото Царство; покајте се и верувајте во Евангелието!'" (Марко 1,15).**

Во срцето на адвентистичкото пратеништво било проповедањето на Христовата вест упатена до сите народи, за да се забрза доаѓањето на нашиот Господ. Второто Христово доаѓање било искра што го запалила адвентистичкото евангелско дело во текот на повеќе од 150 години. Понекогаш примарниот поттик за остварување на оваа задача бил завршување на Христовото дело, за да може Тој да дојде, а не спасување на изгубените. Овој втор мотив не бил занемарен, туку едноставно не бил примарен поттик во мислите на мнозинството. Последица на тоа е дека повремено имавме себично сфаќање на евангелската работа. Бевме премногу окупирани со придобивање на другите за да можеме да појдеме на небото, отколку придобивање на изгубените поради самите нив и Господа.

Меѓутоа, Исус повеќе е заинтересиран за спасението на изгубените, отколку за остварување на евангелската задача за да може да се врати. Но надежта за доаѓањето на нашиот Господ, ако правилно се примени, може да биде искра која ќе ѝ помогне на Црквата да се зафати со мисионската задача. Ако тоа се исполни, како што веруваат адвентистите, се приближува времето на милост и Христовото доаѓање, тогаш од најголема важност е да работиме

на тоа во целиот свет да се создаваат што повеќе ученици. Исус доаѓа! Оние, кои сè уште не станале Негови ученици, ќе бидат изгубени. Оваа мисла станува неподнослива, посебно кога изгубените личности се наши пријатели. Затоа, Црквата како целина, а и секој од нас поединечно, во ова последно време мора да се вклучи во создавање на ученици. Поттикот за последните денови треба да биде придобивање на изгубените затоа што Исус доаѓа, а не само за да ја исполниме задачата за да може Тој да дојде и да нè одведе дома.

Но, адвентистичкото послание можеме правилно да го разбереме само во рамките на нашата надеж во Господовото враќање. Ние можеме да видиме дека Бог ја основал нашата Црква за да ја објави посебната, единствена вест на целиот свет. Оваа вест не е само објавување на „Радосната вест“ за спасението, туку и „Радосната вест“ дека нашиот Откупител наскоро се враќа. Адвентистичката вест, која Бог ја дал, треба да ги подготви луѓето да го сретнат својот Цар – луѓе кои навистина станале ученици. Адвентистичката вест за подготовката се вклопува во Исусовиот опис на учениците. Порано дадената дефиниција дадена на учениците е дека ние адвентистите мораме да го имаме тоа на ум кога тврдиме дека луѓето мора да се подготват за Христовото доаѓање.

Ако задачата на Адвентистичката црква во овие последни денови е создавање ученици кои се подготвени да излезат пред Исуса затоа што потполно му го посветиле својот живот, тогаш нејзината работа во подготовката на луѓето за Христовото доаѓање е еднаква на работата која ја имале првите христијани кога ги учеле другите да бидат ученици. Оваа задача денес е многу поитна поради блиското Христово доаѓање. Теологот Орландо Костас најдобро ја искажува адвентистичката задача:

„Целта на евангелизирањето не е само да го поттикне растот на црквата или само да им помогне на поединците да се спасат. Сеопфатната цел на евангелизирањето е да се објави Божјото царство, како што е отелотворено во Исуса Христоса и како што го прикажал Светиот Дух. На тој начин, евангелизирањето го подготвува патот за објавување на царството на славата“.

**ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА**
**3/2021**

**Мисионски стихови**

*Излегува тримесечно*

*Издава:*
**Христијанска адвентистичка црква,**
**црква на адвентистите на седмиот ден**

*Одговара:*
**Томе Трајков**

**Превод и подготовка:**
**Мелита Томовска**

*Адреса:*
**Ул “Влае” 42**
**1000 СКОПЈЕ**

www.adventisti.org.mk

*ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА*